*ТИВКО ЧИСТЕЊЕ НА ДЛУМ*

# Грижа за естетското здравје на професијата

**Софија ЃУРОВСКА**

На адреса на 40 членови (од кои еден починат) на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, деновиве се испратени циркуларни писма во кои идентичната содржина гласи: „Сообразно со новиот Статут на ДЛУМ, Управните тела на ДЛУМ, разгледувајќи ја долгогодишната професионална активност на сите членови кон ликовното творештво и нивната стручна подготовка, со мнозинство гласови донесе одлука за престанување на Вашето членство во ДЛУМ. Ви благодариме на досегашното Ваше членство и соработка. Потписи: за претседател на ДЛУМ – Коле Манев; за претседател на Уметничкиот совет на ДЛУМ – Александар Ристески".

Во поднесениот приговор на кој стојат потписите на речиси сите „непожелни" и којшто е поднесен во канцеларијата на ДЛУМ, меѓу другото, се поставени прашањата: кога е донесена оваа одлука за нивното отстранување од асоцијацијата, што значи терминот „стручна подготовка", што значи професионална активност на членството со оглед на тоа дека не постојат општоприфатени и пропишани критериуми за сите овие поими. Според ставот на „одбиените", ваквите квалификации допрва треба да се бранат и за нив накнадно да се одлучува, а не да се испраќа штуро писмо на кое тие немаат право на жалба.

– Бевме шокирани од оваа постапка на Уметничкиот совет на ДЛУМ – вели еден архитект и ликовен уметник, член на ДЛУМ кој сака да остане анонимен. – Во моментот, во тек е прибирањето на делата за претстојната ревијална изложба на ДЛУМ на која сите учествуваме без селекција и за мене лично беше навредливо што кога го донесов моето дело со кое сакам да учествувам, ми беше врачен „отказот". Сите сме повредени од овој неморален чин според нас, зашто сметаме дека сме се докажале и со активност и со образование и со желбата и потребата да членуваме во оваа асоцијација, вели тој. – Сметаме дека не може секоја Управа да си го земе правото на „чистење" на редовите на ДЛУМ, затоа што тоа ќе доведе до нови и други бркања од ДЛУМ, до нови поделби и хаос и до ситуација кога секој ќе си има свое друштво. Потоа, сметаме дека е тоа иницијатива само на двајца луѓе од ДЛУМ кои некоректно го толкуваат и читаат Статутот со кој се предвидува како да се примаат нови членови на ДЛУМ, а не како тој ретроградно да функционира и дека треба да се бркаат старите. За оваа одлука сметаме дека е направена по нивен терк и не се согласуваме дека тие имаат право да ги ревидираат нашите вредности како ликовни уметници. Во ликовната уметност се знае дека единствениот критериум и мерило за вредностите е времето, и дека само тоа ги потврдува имињата, вели нашиот анонимен соговорник, довчерашен член на ДЛУМ.

**● Уметничкиот совет на 40 уметници им се заблагодари на досегашното членство. – Со ревизијата се оддалечени аматери на кои сликарството или занимавањето со ликовната уметност им е хоби – вели Коле Манев. – Ако секоја нова Управа ги брка старите членови, во иднина секој ќе си формира свое друштво, вели анонимен досегашен член**

На единственото прашање: зошто да се исчисти ДЛУМ, претседателот Коле Манев вчера вака ни одговори:

– Нашата асоцијација едноставно се распаѓа, а улогата на управните органи е да ја спаси и да ја заштити. Ние знаеме дека овој чекор е тежок и непопуларен и дека ќе бидеме обвинети, но товарот на задолженијата го носиме и ќе го носиме до септември – октомври, до следното Собрание на ДЛУМ на кое ќе се избираат нови органи на управата и кога целото членство на ДЛУМ од околу 350 души ќе може демократски да се изјасни дали сака вакви потези или не. Тој исто така потсети дека намерите за чистење на ДЛУМ не се нови и дека датираат од пред неколку мандати на Управи, но дека овојпат пресудното од зборови да се премине на дело била анкетата спроведена меѓу афирмираните творци кои го бојкотираат ДЛУМ. – Познатите и потврдени автори едноставно не сакаат повеќе да излагаат на нашите изложби со објаснување дека со аматери на кои сликарството им е хоби не сакаат да се во исто друштво, вели Манев, додавајќи: – Тие што се отстранети, ако имаат љубов за оваа професија, треба да разберат дека ова се прави во името на истата таа дејност што тие ја сакаат и да не го сфаќаат тоа како лична навреда. Формите низ кои тие ќе го промовираат своето ликовно делување мораат самите да си ги најдат и животните потреби да си ги решат во својата професија – ако се архитекти – во Друштвото на архитектите и слично.

– Професионална и еснафска каква што сакаме да имаме и како што ја замислуваме во името на сите оние уметници кои ѝ припаѓаат на ликовната уметност како професија, ДЛУМ треба да биде асцијација во која ќе членуваат профили – припадници на таа професија. Друга смисла ДЛУМ да постои нема, вели Манев. Ние имаме респект кон нивната љубов за ликовното творештво и кон оној дел од денот што тие го посветуваат на ова творештво, но тоа не значи дека по секоја цена треба да припаѓаат на социјација која пред сѐ е место за професионалци. Имаше периоди во ДЛУМ кога критериумите за прием беа лабави и во тие периоди еден добар дел од сегашното членство влезе: тоа се луѓе кои по образование не се ликовни творци, но единствениот мотив на овие различни профили творци им бил љубовта кон дејноста. Потребата од ревизија на членството, како што реков, не е нова.

Исто така, како втора причина за чистење на ДЛУМ Манев го наведува решавањето на социјалното прашање на оние кои животот ѝ го посветиле на оваа професија. – Со гломазниот број на членови не ја водиме со успех битката пред Министерството за обезбедување самостоен статус на најрелевантните уметници за оваа наша култура. Не е седно за нив дали пред Министерството конкурираат луѓе кои не се занимаваат професионално со ликовната уметност, така што желбата на непрофесионалците не држи место. Уметничкиот совет чистењето го направи од чисто естетска причина: тој се грижи за естетското здравје" на ДЛУМ и за заштита на професијата.